Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје**

## ПОСЕТА ОД JONSON CONTROLS

На ден 11.05.2006, МФС го посети висока делегација од Jonson Controls во состав: T.Patzelt, P. Simon и J. Lemoult. Цел на посетата беа преговори околу едукација на кадри во рамките на МФС за престојната инвестиција на оваа компанија во Р. Македонија.

## ПОСЕТА

На ден 18.05.2006, на МФС во неформална посета беше г-ѓа Deirdre Lennan од ETF - Торино. Во таа прилика водени се разговори за продлабочување на соработката.

## ВОРКШОП - ПРОЕКТОТ DEREC

На 22 и 23.05.2006 во просториите на МФС се одржа воркшоп во рамките на TEMPUS JEP проектот DEREC-Development of Environmental and Resources Engineering Curriculum за чија реализација координатор е МФС.

На настанот покрај домашните учесници, зедоа учество претставници од Универзитетот во Фиренца (како контрактор на проектот проф. Claudio Borri), Универзитетите во Виена, Бохум и Солун.

## САЕМ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВО

МФС учествуваше на саемот кој се одржа по повод Европскиот ден на претприемништво на 9 и 10 мај 2006 год.

На саемот се изврши промоција на апликативни и образовни дејности на МФС кои се интересни за стопанството.

## СТАРТУВАЊЕ НА ПРОЕКТ

На 12.05.2006 на МФС престојуваа претставници на консултантската куќа WUS од Австрија на проектот Универзитетски центар за почетни бизниси, со што се означи официјалниот почеток на проектот.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА СОФТВЕР

На 23.05.2006 год. на МФС, во организација на CIRKO MES CE се одржа презентација на софтверскиот пакет Solid-CAM од страна на словенечката компанија CAD/CAM ing. Љубљана. На презентацијата учествуваат претставници од 24 алатници од Македонија, колеги и студенти.

## ПРЕДАВАЊЕ

На ден 08.05.2006 год. на МФС се одржа предавање на тема: "Оптимизација на ефективноста на ресурсите". Предавањето го одржа Сашо Јосифовски, менаџер на SKF Condition Monitoring SD Europe.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА СОФТВЕР

На 04.05.2006 година, на МФС во организација на МФС и ЦИРКО се одржа презентација на софтверскиот пакет Solid-CAM и CAM Works од страна на компанијата ДиТра од Бугарија.

На презентацијата учествуваат бројни претставници на стопанството од Македонија, колеги и студенти.

## ДОДЕЛУВАЊЕ СЕРТИФИКАТИ

На ден 11.05.2006 год. на МФС се одржа завршна манифестација и доделување на сертификати на учесниците на обуката на тема: "Енергетска ефикасност". Обуката беше организирана од МФС, МАЦЕФ и ENSI, а финансирана од норвешката влада и UNDP.

## SCOPUS БАЗА

Обезбеден е пристап кон SCOPUS електронската база на научни податоци за сите IP корисници на универзитетската мрежа. Пристапот е на: www.scopus.com

## КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА

На ден 30 и 31.05.2006, на МФС ќе се одржи крводарителска акција.

Да бидеме солидарни, да даруваме крв!

## ОТСУСТВА

1. Доц. д-р Никола Тунески, од 3 до 7 мај 2006 год реализира студиски престој на Аристотеловиот универзитет во Солун, Грција.

2. Вон. проф. д-р Атанаско Тунески, од 5 до 14 мај 2006 год. реализира службено патување во Италија со цел посета на Универзитетот во Фиренца заради продолжување на активностите на Tempus Jep DEREC проектот и посета на ТЕМПУС канцеларијата во Торино.

3. Проф. д-р Предраг Поповски и асс. м-р Зоран Марков, реализираа службено патување во Италија од 6 до 10 мај 2006 год. каде што оствариjа посета на Универзитетот во Фиренца.

4. Доц. д-р Валентино Стојковски, од 8 до 11 мај 2006 год. реализира службено патување во Брно, Р.Чешка, со цел негово присуство на работен состанок во врска со настаната штета на опремата од ХЕЦ Калиманци.

5. Проф. д-р Тодор Давчев, од 13 до 17 мај 2006 год. реализира службено патување во Германија, со цел посета на Меѓународниот институт за стручно образование во Манхајм.

6. Проф. д-р Константин Димитров, реализира службено патување во Турција од 14 до 16 мај 2006 год. каде што оствари посета на MARMARA UNICERSITET во Инстанбул, во рамките на Десире проектот.

7. Проф. д-р Александар Ношпал, релизира службено патување во СиЦГ од 16 до 18 мај 2006 год. со цел негово учество во работата како експерт на ТЕМПУС студијата Tempus regional impact study in the Cards countries.

8. Доц. д-р Валентина Гечевска, на 13 мај 2006 год., реализира службено патување во Грција на Institute of Regional Operational Programme of Central Macedonija во Солун, заради продолжување на активностите со колегите од Институтот за соработка и аплицирање на европски проектни програми.

9. Проф. д-р Славе Јакимовски и пом. асс. Кристина Јакимовска, на 18 и 19 мај 2006 год., реализираа службено патување во СиЦГ заради учество на симпозиум на тема Транспорт и логистика - ТИЛ 2006.

10. Пом. асс. Даме Димитровски, од 24 до 27 мај 2006 год., реализира службено патување во Врњачка Бања, СиЦГ, заради учество на научно-стручен собир за гасот и гасната техника - ГАС 2006.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**25.05.2006**
**19 СЕДНИЦА НА ННС**

**29.06.2006**
**20 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*

**Година 2006, мај, број 50**

# ФАКУЛТЕТСКИ

# ИНФОРМАТОР

### ... АКТИВНОСТИ, СЕМЕСТАР, РЕЗУЛТАТИ, ПРОЕКТИ, АКТИВНОСТИ...

Активностите на Факултетот се во својот зенит.

Семестарот се наближува кон крај и во тој контекст потребно е квалитетно да се финализираат обврските со континуираната проверка на знаењата.

Се очекуваат резултатите од втората генерација која студира по европски стандарди.

Саемите завршија, проектите си се реализираат, промотивните активности се во полн ек...